

# Филип Фидановски

## Filip Fidanovski

***ЗНАЦИ - SIGNS***



**Филип Фидановски**
**Filip Fidanovski**

*ЗНАЦИ - SIGNS*

Музеј на современата уметност, Скопје
Museum of Contemporary Art, Skopje
20. 05.- 04.06. 2006

Роден е во Скопје 1977. Дипломирал на Националната уметничка академија во Софија, 2002. оддел керамика, во класата на професорот Красимир Цидров. Постдипломски студии завршил на истата Академија во 2004. под менторство на истиот професор.

Од 2002-2003 работи во ателјето за копии на археолошки артефакти во Музејот на Македонија и како стручен соработник во едукативниот оддел на проекти врзани за керамичкото културно наследство.

Доцент е на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.

Член е на Здружението на керамичари на Македонија - ИСКОН, на Здружението на уметници на град Тројан (Бугарија), постојан член на ликовно-обликовната колонија Племениташ (Хрватска) и почесен член на Здружението на керамичари на Хрватска.

**Адреса**: Наум Наумовски-Борче бр. 54, 1000 Скопје, Македонија
тел.: ++389 75 584 470
e-mail: fkeramika@yahoo.com

**Самостојни изложби:**

**2006** Скопје, Музеј на современата уметност; **2004** Скопје, Национална Галерија *Чифте амам* (со Красимир Цидров и Весна Осојнички); Скопје, Културен центар *Точка (Три Лица* - мултимедијален проект); **2002** Скопје, Музеј на град Скопје.

**Групни изложби:**

**2005** Црес, *Изложба на членовите на жирито на Фестивалот на современа керамика-Мултиплекс керамика*; Вараждин; **2004** Монтана, *Изложба на керамички плочки*; **2003** Вараждин, *Изложба на членовите на Здружението на керамичари на Хрватска-Керамеикон*; Скопје, *Изложба на членовите на Здружението на керамичари на Македонија-ИСКОН*; **2002** Лиеж, Експо 2000-*Еуро оган*; **2000** Белград, *Второ интернационално триенале за керамика - Шоља 2000*; Каиро, *Петто Интернационално биенале за керамика*; **1999** Белград, *Шоља 99, национална изложба* (гостин); **1995** Скопје, Галерија Стоби, *Второ студентско АРТ биеннале*.

Од 1994. учествува на повеќе керамички колонии во земјава и странство (Бугарија, Хрватска, Србија и Црна Гора).

Добитник е на третата награда за млад автор - Бронзена плакета на Петтото интернационално биенале за керамика, Каиро, Египет, 2000 година.



















Последниве години керамиката повторно станува атрактивна како креативно средство со кое е можно да се надминат исклучиво декоративно-утилитарните функции и да се освојат поинакви контексти и простори што ѝ припаѓаат не само на стандардната галериска, туку и на амбиенталната презентација кореспондирајќи на тој начин со промените што ги носи новото време. Овие промени во третирањето на глината како основен појдовен материјал ни ги донесоа помладите керамичари од нашава земја кои имаат контакти со уметници и случувања надвор од државава.
Ова особено се однесува на младиот, но веќе афирмиран автор Филип Фидановски. Тој од својот творечки почеток јасно дава на знаење дека керамиката во неговите раце ги проширува зададените координати на дисциплината ткаејќи го сопствениот мисловен и ликовен јазик.

Проектот *Знаци* изработен за Музејот на современата уметност се состои од презентација на подни и ѕидни керамички плочки изработени во стандардна глазурна техника организирани во амбиентална поставка - бања.

Зошто токму бањата е избраната тема во презентацијата на неговите ликовни и мисловни креации?
Затоа што Фидановски смета дека е уметноста секогаш со нас. Таа не е само во музеите или во дневната соба.
Па тоа е, ќе се согласиме: "*...најтивкото и најсамотното место во домот. Последното засолниште од цивилизацијата... Ниту во една друга соба човек не останува толку сам со себе ...*"[1]
Тргнувајќи од идејата дека: *"Во сопствениот домашен клозет можеш да влезеш во секое време и, без потреба, можеш да киснеш со часови, да читаш книга или да прелистуваш стрипови, можеш само да си ја потпреш главата и да мислиш...."*[2], Филип Фидановски се реши креативните размислувања да ги презентира во внајважната собаг.

Прифајќајќи го ставот дека: "*.. значењето на едно уметничко дело е последица на внатрешните односи на пиктуралните или скулптуралните знаковни и прикажувачки елементи*"[3], тој со симболичната знаковна структура ги пренесува субјективните изрази на емоциите врзани за љубовта и животот. Тоа го постигнува со играта на ликовни знаци што од керамичките форми извлекуваат еден вид нарација што со повеќеслојни алузии зборува за суштината на животот.

Во неговите "апстрактни" записи откриваме геометриски форми (круг, квадрат, триаголник...), претстави на човек, риба, око, срце... чии симболични значења ги изразуваат животните текови, состојби и емоции. Со црвената линијата сликана во различни положби тој успева да ни ја претстави животната патека од нејзиниот почеток (квадрат), преку искачувањата по животните скали, движењата во различните правци, завршувањето во форма на квадрат за повторно дел од нас да продолжи да живее, но во друга форма ликовно претставена како X во чија средина, исто како на почетокот, го откриваме квадратот. Фидановски сака да потврди дека животот е едно бесконечно движење. Вечноста на животот ја согледуваме и во честите форми на круг присутни во неговите дела, а кругот со својата симболика на бесконечност, совршенство и безвременост го потврдува тоа.

Знаците на љубовта кај Фидановски, претставувани симболично со срцето, се движат од експресивноста на чувствата до нивната екстаза. Цветот *булка* како чест мотив на неговите плочки алудира на убавината што трае кратко, но го остава вечно зад себе убавото чувство.

Во презентираните плочки боите (црвена, темнозелена, црна) ги содржат оние значења што се во релација со чувствата на душата и со нејзините менливи состојби.

На крајот ќе констатираме дека Фидановски иако припаѓа на генерацијата што силно, поточно експлозивно ја доживува затвореноста на својата татковина, не се предава. Напротив, со својата креативна енергија ги победува сите пречки на кои наидува во своето секојдневие потврдувајќи дека во уметноста можеме да го најдеме сопствениот спокој во душата.

Захаринка Алексоска-Бачева

[1]Георги Господинов, *Природен роман,* Темплум, Скопје 2004, 55
[2]Ibid, 28
[3]Miško Šuvakoviæ, *Pojmovnik moderne i postmoderne likovne umetnostiii i teorije posle 1950. godine,*SANU, Beograd-Novi Sad 1999, 383





In the past several years the ceramic became attractive again as a creative means which helps the overcoming of the particularly decorative - utilitarian functions and conquers different contexts and spaces that dont belong solely to the standard gallery presentations but to the ambience ones, as well, thus corresponding to the changes introduced by the new time. These changes in treating the clay as the basic material were introduced by the younger ceramicists in our country who had contacts with the artists and events outside our country.
This especially refers to the young, yet already affirmed artist Filip Fidanovski. Since his very artistic beginning he has announced that the ceramics in his hands broadens the given coordinates of the discipline, weaving his own comprehending and artistic language.

The project *Signs* was made for the Museum of Contemporary Art and includes a presentation of floor and wall ceramic tiles made in the standard glazing technique arranged into an ambience setting - bathroom.

Why was the bathroom the chosen topic for the presentation of his artistic and comprehending creations?

Because Fidanovski thinks that the art is always with us. It is not only in the museums or in the living rooms.
Well that is, we can agree, "*... the most quiet and the most lonesome place in the apartment. The last refuge form civilization.... There is no other room where a man can be alone with himself...*" (1) Proceeding from the idea that : "*...in your own personal toilet you can enter at any time with no particular need, you can stay there for hours, read a book or comics, you can just rest your head and think...*" (2) Filip Fidanovski has chosen to present his creative considerations in the "most important room".

Acknowledging the attitude that "*...the meaning of an artwork is a result of the inner relations of the pictorial or sculptural sing and the performing elements...*" (3), he transposes, through a symbolic sign structure, the subjective manifestations of the emotions related to love and life. And the way he managed that is through a game of artistic signs that derive from the ceramic forms a kind of a narration that uses multi-layered allusions to speak of the essence of life.
In his "abstract" notions we see geometric figures (circle, square, triangle), representations of man, fish, eye, heart... whose symbolic meanings reflect the life courses, conditions and emotions. With the red line painted in different positions he manages to show us the course of life since its beginning (square), through climbing up the stairs of life, through the movements in different directions which end in the shape of the square, so that part of us could continue to live, yet in another form artistically

shown as X in whose center, same as at the beginning, we again discern the square. Fidanovski wants to confirm that life is an endless movement. We can see the eternity of life in the shapes of the circle, very often applied in his artworks, where the circle symbolizing eternity, perfection and timelessness only confirms that.
The signs of love in Fidanovskis artworks, presented symbolically through the heart, go from the expressiveness of the feelings to their ecstasy. The poppy flower, as a frequent motif on his tiles, alludes to the beauty that lasts only for a short time, but leaves behind the beautiful feeling for ever.

The colors in the presented tiles (red, dark green, black) contain the meanings that are in relation to the feelings of the soul and its changeable conditions.
Finally, we can conclude that even though he belongs to the generation that intensely, or more precisely, explosively experiences the closed position of his country, Fidanovski does not give in. On the contrary, his creative energy masters all the obstacles that come in his way in his everyday, proving that art is the way through which we can find our own peace of mind.

Zaharinka Aleksoska Baceva

(1) Георги Господинов, *Природен роман*, Темплум, Скопје 2004, п. 55.

(2) Ibid, p. 28.

(3) Miško Šuvakovic, *Pojmovnik moderne i postmoderne likovne umetnosti i teorije posle 1950 godine*, SANU, Beograd-Novi Sad 1999, p. 383.


























He was born in Skopje in 1977. He graduated from the National Art Academy in Sofia in 2002, at the Department of Ceramics in the class of Prof. Krasimir Dzidrov. He completed his post-graduate studies at the same Academy in 2004, mentored by the same professor.

From 2002 to 2003 he worked in the atelier for archeological artifacts within the Museum of Macedonia and, as an expert assistant, for the Museums educational department on projects related to the ceramic cultural heritage.

He is a full time professor at the Faculty of Fine Arts in Skopje.

He is a member of the Association of Ceramic Artists of Macedonia (ISKON), of the Association of Artists of the City of Trojan (Bulgaria), a permanent member of the Artistic-modeling Colony "Plemenitas" (Croatia) and an honorable member of the Association of Ceramic Artists of Croatia.

Address: Naum Naumovski Borce no. 54, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
Phone: + 389 75 584 470
e-mail: fkeramika@yahoo.com

Solo exhibitions:

2006 Skopje, Museum of Contemporary Arts; 2004 Skopje, National Gallery *Cifte Amam* (with Krasimir Dzidrov and Vesna Osojnicki); Skopje, Cultural Center "Tocka" (*Three Faces* - multi-media project); 2002 Skopje, Museum of the City of Skopje.

Group exhibitions:

2005 Cres, Exhibition of the jury members of the Festival of Contemporary Ceramics - Multiplex Ceramics; Varazdin; 2004 Montana, Exhibition of ceramic tiles, 2003 Varazdin, Exhibition of the jury members of the Association of Ceramic Artists of Croatia - Kermaikon; Skopje, Exhibition of the members of the Association of Ceramic Artists of Macedonia - ISKON; 2002 Liege, Expo 2000 - Euro Fire; 2000 Belgrade, Second International Triennial of Ceramic Art - Solja 2000; Cairo, Fifth International Biennial of Ceramic Arts; 1999 Belgrade, Sojla 99, national exhibition (guest); 1995 Skopje, Gallery "Stobi", Second Students ART Biennial.

Since 1999 he has participated at several art colonies here and abroad (Bulgaria, Croatia, Serbia and Monte Negro).

He has won the third place in the category of young artist - Bronze Plaque at the Fifth International Biennial of Ceramic Arts in Cairo, Egypt, in 2000.

Издавач: Музеј на современата уметност, Скопје
За издавачот: Емил Алексиев, директор
Организација на изложбата и текст во каталогот:
Захаринка Алексоска Бачева
Фотографии: Ива Димеска
Превод на англиски: Маја Иванова
Дизајн: Стефан Георгиевски
Печат: Скенпоинт, Скопје
Тираж: 500
Реализација: Музеј на современата уметност, Скопје 2006

Editor: Museum of Contemporary Art, Skopje
Editor in chief: Emil Aleksiev, director
Organization and foreword: Zaharinka Alkesoska Baceva
Photo: Iva Dimeska
Translated into English: Maja Ivanova
Lay-out: Stefan Georgievski
Printed in: Skenpoint, Skopje
500 copies
Realization: Museum of Contemporary Art, Skopje 2006

Изложбата и каталогот се реализирани со финансиска
поддршка од Министерството за култура
на Република Македонија
The exhibition is financially supported by the
Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

CIP-Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

75.038.55(497.7)(06.064)

ISBN-9989-703-86-8
а) Ликовни инсталации-Македонија-Изложби
COBISS.MK-ID 65584394

Министерство за култура



ISBN-9989-703-86-8